Архивски број: 08-516/6
18.12.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-516/1 од 19.06.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење --- во--- , за дискриминација сторена од страна на--- , со седиште на --- во---, врз основа на политичка припадност, семејна или брачна состојба и друга основа – роднинска, во друга област – селекција при вработување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето --- од --- врз основа на политичка припадност, семејна или брачна состојба и друга основа – роднинска, во друга област – селекција при вработување, сторена од страна на ---.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-516/1 од 19.06.2025 година, од страна на --- од---, со адреса на живеење---, за дискриминација извршена од страна на---, а врз основа на политичка припадност, семејна или брачна состојба и друга основа – роднинска, во друга област – селекција при вработување.

Во претставката подносителот наведува дека смета дека е дискриминиран односно дисквалификуван поради нему непозната основа при селекција за вработување. Според подносителот претставката се однесува на дискриминаторска одлука за вработување на непотистичка основа, заснована на непотистички блиски релации, а во врска со --- за вработување на Институт за --- при---, на кој била избрана кандидатката---, ќерка на ---, сестра на ---. Подносителот наведува дека --- лично во јули 2024 година заедно поранешен министер за ---, на јавен настап на МРТ при објава за вработување на 5 (пет) најдобри студенти ветил *"Ќе излеземе во пресрет за вработување на --- иако со скромни капацитети"*, но и покрај тоа што одминала цела година од ваквата изјава до конкурсот и дека имало 2 (два) огласи за --- на кои и покрај тоа што биле пријавени најдобрите колеги на подносителот, огласот бил распишан за ---, наместо за ---, а на кој се пријавиле и негови колеги кои работеле како --- или во други области и кои немале допирна точка со здравствената и со наставно – научната дејност на катедрите по ---. Крајно, наведува дека тој бил безмалку трета година на специјализација по --- на ---, за разлика од --- која започнала три месеци пред изборот, воедно тој бил со искуство и во наставна и во здравствена дејност за разлика од избраната за која не знае ниту дали воопшто поседувала --- во моментот на ---.

Кон претствката ги достави следните докази во фотокопие:

- Кратка биографија,
- Уверение бр. --- од --- година за дипломирање и положени испити од интегрирани студии по --- издадено од---,
- Уверение бр. --- од --- година на --- на име --- за стекната ---,
- Јавен оглас бр. --- за засновање на работен однос на ---,
- Известување бр. --- од --- година од --- до ---,
- Пријава бр. --- за ---,
- Диплома бр. --- од --- година издадена од --- издадена на --- за положени испити на додипломски студии,
- Потврда издадена од --- за положен --- испит,
- Решение бр. --- од --- година за одобрена --- издадено од ---,
- 3 (три) фотографии од веб страни и
- Извадок од --- – присутни членови на седница.

По ова, на 26.06.2025 година на електронската адреса на Комисијата, подносителот достави дополнување на претставката заведено под број 08-516/2 во кое наведува дека за разлика од стотина објавени --- за вработување на --- и --- за ---, во случајот кој тој го наведува бил објавен --- за ---, какви веќе биле поништувани, па реобјавувани за ---. Кон дополнувањето во фотокопие доставени се објави на --- за --- на --- на неколку ---.

На 07.07.2025 година Комисијата се обрати со Барање бр. 08-516/3 до ---, заради добивање произнесување по наводи во претставка. На 21.07.2025 година до Комисијата е пристигнато бараното произнесување, заведено со бр. --- од --- година.

Во одговорот се наведува дека --- на --- година објавил --- бр. --- за --- на ---, објавен во дневните весници --- и ---, а на кој право да учествуваат имале сите граѓани на државата кои ги исполнувале општите и посебните услови наведени во огласот. За спроведување на истиот, ---, го овластил --- проф. д-р --- во целост да го спроведе овој --- со овластување за полноважно потпишување. Понатаму, --- за работноте место --- формирал комисија за селекција на кандидати од --- на --- составена од 3 (три) члена, и тоа проф. д-р ---, проф. д-р --- и проф. д-р ---. Постапката за селекција на кандидати била спроведена во 2 (две) фази за што бил сочинет Записник бр. --- од --- година. Првенствено комисијата извршила проверка на пријавите и доказите за исполнување на условите од страна на пријавените, по што било спроведено интервју со --- кандидати кои се јавиле на интервјуто, а од --- пријавени. По ова комисијата согласно законските надлежности, на --- му предложила дека кандидатката --- во целост ги исполнувала условите за засновање на работен однос со ---.

По даденото објаснување за спроведената постапка, во произнесувањето се наведува дека поднесената претставка според потенцијалниот дискриминатор е неоснована. --- имал добиено согласност за --- на --- лица на работно место ---, согласно известување на ---. Изборот на кандидати пак по --- бил извршен од комисии составени од членови од --- од областа, кои по сеопфатна анализа на --- на секој кандидат посебно и извршено интервју донеле одлука за избор на најдобриот кандидат за засновање на работен однос. --- ги отфрла наводите во претставката и наведува дека се залага за и ги


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

поддржува --- да аплицираат на --- за ---, не навлегувајќи во нивната политичка определба и уверување, туку изборот го засновал на нивните образовни достигнувања и квалитети во областа на ---.
Крајно се наведува дека претставката на подносителот, потенцијалниот дискриминатор ја смета за непоткрепена со докази, наводи кои не кореспондирале со фактичката состојба од причини што од --- па до --- со кои --- засновал ---, --- воопшто не евидирал во донесувањето на ниедна одлука поврзана со ---, туку согласно одредбите од Статутот делегирал надлежност за вршење работи од делокруг на спроведување на постапката --- по --- бр. ---.

Кон произнесувањето бе приложени следните докази:
- Фотокопие од --- бр. --- за ---,
- Овластување за полноважно потпишување бр. --- од --- година,
- Решение за формирање на комисија за селекција на кандидати по --- за --- со --- од --- година,
- Записник на комисија за селекција на кандидати по --- бр. --- за --- со бр. --- од --- година и
- Известување од --- бр. --- од --- година.

На 01.08.2025година беше доставено дополнување на произнесувањето кон кое беше доставен --- бр. --- од --- година склучен помеѓу --- и ---.

**Врз основа на сето погоре наведено, особено земени предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата и доставените докази, се утврди следната фактичка состојба:** подносителот на претставката --- во --- година дипломирал на --- при --- и се стекнал со стручен назив – ---. Во --- година од страна на наведениот --- му е одобрена --- по ---, сметано од --- година. Во --- година од страна на --- бил --- за --- на ---, по добиено известување, односно --- од страна на ---. На овој --- подносителот на претставката, како и ---, се пријавил за --- под ---. За спроведување на постапката за избор на ---, од страна на --- му било дадено овластување на --- кој пак формирал комисија составена од 3 (три) члена – вработени лица на ---, и тоа во состав: проф. д-р ---, проф. д-р --- и проф. д-р ---, која требало да ја спроведе постапката на селекција и да му предложи на --- кандидат со кој --- ќе склучи ---. Оваа комисија по извршениот увид во поднесената документација и спроведено интервју со --- од --- , утврдила дека --- во целост ги исполнува бараните општи и посебни услови по --- – --- и му предложила на --- да донесе Одлука за ---. Договорот за --- помеѓу --- и --- е ---, однсоно --- помеѓу --- и ---.

Врз основа на сето наведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека од страна на --- не е извршена дискриминација врз основа на политичка припадност, семејна или брачна состојба и друга основа – роднинска, во друга област – , кон подносителот на претставката --- од ---. Имено, во постапката пред Комисијата се утврди дека постапката за селекција на кандидат со кој --- склучил ---, не ја спровел --- туку за ова формално со соодветен акт го овластил ---, а согласно одредбите од Статутот на ---. Избраната кандидатка во моментот на

пријавување на огласот ги исполнувала предвидените општи и посебни услови утврдени со истиот, што било констатирано од страна на комисија формирана со цел избор на кандидат по ---. Воедно, Комисијата не беше во можност да ја утврди причинско последичната врска помеѓу политичката припадност на подносителот на претставката и неговата брачна, односно семејна состојба со изборот на кандидатката, од причина што подносителот во ниту еден момент не ја наведува неговата политичка припадност, а уште помалку дали таа е различна од онаа на ---, односно --- како посочен потенцијален дискриминатор. Од друга страна пак, утврдување на --- или --- на наведените лица не е во надлежност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, поконкретно тоа е прашање за кое е предвидена заштита во сосема поинаква постапка пред друг надлежен орган, односно институција. Крајно, Комисијата не можеше да утврди постоење на различен третман помеѓу --- пријавени, односно --- со кои е извршено интервју, од аспект на спроведувањето на постапката за селекција, од причина што за сите пријавени важеле еднакво општи и посебни услови за вработување и кон сите на еднаков начин биле спроведени сите предвидени фази од постапката на селекција.

Со оглед на сето, се утврди дека не се исполнети елементите на битието на директна дискриминација онака како е таа дефинирана со член 8 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација според која "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*"

Следствено, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
28.11.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- 
- 
- Архива на КСЗД